РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1277

Скопје, 1 февруари 2023 година

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ХЕМИЈА И ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 2.12.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применета хемија и инструментални фармацевтски анализи, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-970/34, донесена на 22.12.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Анета Димитровска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Руменка Петковска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета хемија и инструментални фармацевтски анализи, во предвидениот рок се пријави д-р Јасмина Тониќ Рибарска.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката Јасмина Тониќ Рибарска, д-р на фармацевтски науки, е родена на 31.1.1975 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Дипломирала на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2000 година. Во септември 2001 година го положила стручниот испит.

Кандидатката активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

Втор циклус (магистерски) студии запишала на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистерскиот труд под наслов „RP-HPLC и SEC-HPLC методи за определување на содржината и анализа на деградационите продукти и продуктите на агрегација на рекомбинантен хуман гранулоцит колон стимулирачки фактор (rHuG-CSF), *леноīрастим*” го одбранила на 6.5.2008 година на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што се стекнала со научно звање – магистер на фармацевтски науки.

Во февруари 2012 година го положила специјалистичкиот испит од областа испитување и контрола на лекови на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и се стекнала со звањето специјалист по испитување и контрола на лекови.

Во 2008 година пријавила тема за изработка на докторска дисертација на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема „Определување на тераписки концентрации и следење на преод на антиепилептични лекови од крв во плунка со примена на HPLC-методи”, успешно ја одбранила на 20.12.2012 година, со што се стекнала со научниот степен доктор на фармацевтски науки.

Од септември 2004 година е вработена на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во звањето помлад асистент по предметот Аналитичка хемија е избрана во 2002 година (Билтен бр. 791/2001). Во истото звање е преизбрана во 2004 година (Билтен бр. 858/2004). Во 2008 година е избрана во звањето асистент по Аналитичка хемија (Билтен бр. 948/2008).

На 3.9.2013 година е избрана во звањето доцент на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по група предмети од применета хемија

и фармацевтски анализи. Рефератот за избор во звањето доцент е објавен во Билтен бр. 1058 од 15.7.2013 година.

На 11.6.2018 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е избрана во звањето вонреден професор на Фармацевтскиот факултет во областа применета хемија и фармацевтски инструментални анализи.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1169 од 15.5.2018 година.

На 3.6.2021 година, со одлука на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е именувана за раководител на Центарот за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 02-721/1).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Фармацевтски факултет, кандидатката д-р Јасмина Тониќ Рибарска изведува теоретска и практична настава на прв, втор и трет циклус студии на студиските програми: Магистер по фармација –прв и втор циклус интегрирани студии, Лабораториско биоинженерство – прв циклус студии, Диететика и диетотерапија – прв циклус студии, Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата, Специјалистички студии по фармацевтска регулатива и на докторски студии од областа фармација.

Кандидатката по изборот во звањето вонреден професор била ментор на 30 дипломски и на 7 специјалистички труда. Ментор е на 6 кандидати и едукатор на 2 кандидата на здравствена специјализација по испитување и контрола на лекови.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 12 дипломски, 13 специјалистички и 2 магистерски труда и на 2 докторски дисертации.

Кандидатката е автор на рецензирана збирка задачи „Збирка задачи по аналитичка хемија”, коавтор на два реценизрани практикума „Практикум по аналитичка хемија, применета во фармација” и „Практикум по аналитичка хемија” и коавтор на рецензиран учебник „Правата на интелектуалната сопственост во фармацијата”.

Научноистражувачка дејност

Како резултат на нејзината досегашна научна работа, д-р Јасмина Тониќ Рибарска по изборот за вонреден професор има објавено вкупно 34 научни трудови, од кои 3 оригинални научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) за годината во која е објавен трудот, во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, 23 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, 5 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание.

Кандидатката учествувала на меѓународни научни/стручни собири со 2 усни презентации и 6 постерски презентации.с

Во изминатиот период од пет години, д-р Јасмина Тониќ Рибарска била раководител на 1 национален научен проект, а учествувала и како член во 7 национални и 2 меѓународни научни проекта.

Кандидатката била ментор на 3 магистерски и на 3 докторски труда кои се во тек.

Коавтор е на монографијата „Социјален пристап и прифаќање на намалувањето штети преку наука и истражување”, издадена од Македонската академија на науките и уметностите, Скопје, 2021 година.

Д-р Јасмина Тониќ Рибарска активно учествува на голем број работилници и семинари од интерес.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Јасмина Тониќ Рибарска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Фармацевтскиот факултет, УКИМ во Скопје.

Од 2001 година, како самостоен аналитичар, а во последните 5 години како аналитичар/стручен соработник, активно учествува во работата и активностите на Центарот за испитување и контрола на лекови при Фармацевтскиот факултет. Член е на тимот за имплементирање на стандардот за општите барања за лаборатории за тестирање и лаборатории за калибрација ISO/IEC 17025, по кој е извршена акредитација на Центарот за испитување и контрола на лекови, од институтот за акредитација на Република Македонија. Со цел постојано усовршување и имплементирање на современи аналитички техники, редовно учествува на работилници, семинари и симпозиуми од таа област.

Член е на тимот за формирање на Центар за менаџмент на терапија со лекови при Фармацевтскиот факултет.

Д-р Јасмина Тониќ Рибарска во 2007 година во рамките на Темпус-проектот: Реконструкција на фармацевтската едукација во Р. Македонија (ТЕМПУС-проект, CD-JEP 18016-2003), во период од 3 месеци остварила студиски престој на Универзитетот за фармацевтски науки во Копенхаген, Данска, каде што работела на сепарација и идентификација на метаболитите на Ebselen во биолошки материјал (серум и урина) со примена на LC-ICP-MS по цврсто-течна екстракција.

Во рамките на активностите на Факултетот, д-р Јасмина Тониќ Рибарска е раководител на Центарот за кариера од 2018 година (2 мандата), член на Наставно-научниот колегиум и била член на Одборот за соработка и доверба со јавноста (2017 – 2021).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес.

Д-р Јасмина Тониќ Рибарска активно е вклучена во работата на комисии и работни групи на УКИМ. Раководител е на Центарот за кариера на УКИМ, член е на Комисијата за издавачка дејност и член на работна група за изготвување текст на предлог-правилник за дигитална библиотека на Универзитетот ,, Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Како раководител на Центарот за кариера на УКИМ, ги организирала следните настани: ,,Отворен ден на УКИМ, „Ден за кариерен развој на УКИМ”, 5 работилници за меки вештини и 3 тркалезни маси на тема „Зборуваме отворено за практикантсво”, „Зборуваме отворено за современи студиски програми” и „Зборуваме отворено за наука”.

Кандидатката е член на Комисијата за проценка на фармацевтската, хемиската и биолошката документација за лековите, со решение на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД).

Д-р Јасмина Тониќ Рибарска била член на Комисијата за изработка на Закон за медицински средства на РСМ (2021).

Член е на експертската работна група 9 од Европска фармакопеја.

Член е на Националната комисија за изготвување на база на прашања за полагање на стручниот испит на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата.

Кандидатката била член на Научниот одбор на 7-ми Конгрес по фармација во Северна Македонија со меѓународно учество во 2022 година.

Член е на повеќе научни и професионални организации, како: Европски биоаналитички форум, Македонско фармацевтско друштво и Фармацевтска комора на Македонија.

Д-р Јасмина Тониќ Рибарска била член на рецензентска комисија за избор во соработничко звање – асистент на Фармацевтскиот факултет.

Од активностите од поширок интерес во кои е вклучена кандидатката, вреди да се спомне дека д-р Јасмина Тониќ Рибарска е лиценциран вештак од областа на фармацевтските науки.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Јасмина Тониќ Рибарска, континуирано во изборниот период 2018 – 2022 година, добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Фармацевтскиот факултет, УКИМ во Скопје, со високи просечни оценки по сите предмети во кои учествува.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Јасмина Тоник Рибарска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Јасмина Тоник Рибарска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област применета хемија и инструментални фармацевтски анализи.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Јасмина Тоник Рибарска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област применета хемија и инструментални фармацевтски анализи.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, с.р.
Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.
Проф. д-р Руменка Петковска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
вонр. проф. д-р Јасмина Душан Тоник Рибарска
Институција:
Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област:
применета хемија и инструментални фармацевтски анализи

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: применета хемија и инструментални фармацевтски анализи; поле: фармација; подрачје: медицински науки и здравство	Да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да (образец 2)
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	Да (образец 2)
3.1.1	1. Назив на научното списание: Scalable Computing: Practice and Experience, 19 (2), 149–159 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, Ebsco 3. Наслов на трудот: Semiempirical atom-centered density matrix propagation approach to temperature-dependent vibrational spectroscopy of Irinotecan 4. Година на објава: 2018	
3.1.2	1. Назив на научното списание: Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 64 (2), 61-72 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Non-compendial vs compendial analytical tests - a powerful tool for predicting in vitro similarity of highly viscous oral suspension 4. Година на објава: 2019	
3.1.3	1. Назив на научното списание: *Archives of Pharmacy*, 69, 39-49	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: Providing clinical evidence under the MDR 2017/745 – new challenges for manufacturers in medical device industry 4. Година на објава: 2019	
3.1.4	1. Назив на научното списание: *Archives of Pharmacy*, 70, 332 - 343 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: The role of intellectual property rights and package safety features in the prevention of counterfeit medicines 4. Година на објава: 2020	
3.1.5	1. Назив на научното списание: Frontiers in Medicine, 8:759856 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, PubMed 3. Наслов на трудот: Does cannabis extract obtained from cannabis flowers with maximum allowed residual level of aflatoxins and ochratoxin A have an impact on human safety and health? 4. Година на објава: 2021	
3.1.6	1. Назив на научното списание: Journal of Pharmaceutical Research International, 33(53B): 214-228 2. Назив на електронската база на списанија: **Journal Citation Report, Ebsco, PubMed** 3. Наслов на трудот: Determination of terpenoid profile in dry cannabis flowers and extracts obtained from different cannabis varietes 4. Година на објава: 2021	
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***	Да
4.1	1. Наслов на практикумот: Практикум по аналитичка хемија, применета во фармацијата 2. Место и година на објава: Скопје, 2018	
4.2	1. Наслов на практикумот: Практикум по аналитичка хемија 2. Место и година на објава: Скопје, 2018	
4.3	1. Наслов на збирката задачи: Збирка задачи по аналитичка хемија 2. Место и година на објава: Скопје, 2018	
4.4	1. Наслов на учебникот:Права на интелектуалната сопственост во фармацијата 2. Место и година на објава: Скопје, 2021	
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: Билтен на УКИМ бр. 1169 од 15.5.2018 година	Да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, с.р.
Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.
Проф. д-р Руменка Петковска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат:
вонр. проф. д-р Јасмина Душан Тоник Рибарска
Институција:
Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област:
применета хемија и инструментални фармацевтски анализи

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава**	
	1.1. Одржување на теоретска настава – предавања	
	Магистер по фармација – интегрирани прв и втор циклус студии	
	Аналитичка хемија, применета во фармација (8 ЕКТС) 6 * 15 * 0,04 (2018 – 2022)	18
	Биорганска хемија (10 ЕКТС) 5 * 15 * 0,04 (2018 – 2022)	15
	Биоаналитичка хемија (5 ЕКТС) 6 * 15* 0,04 (2018 – 2022)	18
	Лабораториско биоинженерство – прв циклус студии	
	Аналитичка хемија (7 ЕКТС) 6 * 15* 0,04 (2018 – 2022)	18
	Основи на лабораториско работење (2 ЕКТС) 2 * 15* 0,04 (2019 – 2022)	4,8
	Техники за подготовка на примероци за анализа (3 ЕКТС) 6 * 15* 0,04 (2018 – 2022)	18
	Диететика и диетотерапија – прв циклус студии	
	Органска хемија за диететичари (5 ЕКТС) 2*15*0,04 (2018 – 2019)	2,4
	Органска хемија за диететичари (5 ЕКТС) 4 *15*0,04 (2020 – 2022)	7,2
	1.2 Одржување на практична настава – вежби	
	Магистер по фармација – интегрирани прв и втор циклус студии	
	Аналитичка хемија, применета во фармација (8 ЕКТС) 400 * 0,03 (2018 – 2019)	12
	Аналитичка хемија, применета во фармација (8 ЕКТС) 250 * 0,03 (2019 – 2022)	30
	Лабораториско биоинженерство – прв циклус студии	
	Аналитичка хемија (7 ЕКТС) 140 * 0,03 (2018 – 2022)	21
	1.3 Одржување на настава – втор циклус студии	
	Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата	
	Управување со квалитет на испитувањето во аналитичка лабораторија (8 ЕКТС) 30 часа годишно * 0,05 (2018 – 2022)	7,5
	Развој и валидација на аналитички метод (5 ЕКТС)	7,5

	30 часа годишно * 0,05 (2018 – 2022)	
	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива	
	Регулатива за медицински средства (3 ЕКТС) 45 часа годишно * 0,05 (2018 – 2022)	11,25
	Регулатива на педијатриски лекови и лекови наменети за ретки болести (3 ЕКТС) 45 часа годишно * 0,05 (2018 – 2021)	9
	Регулатива за лекови наменети за ретки болести (3 ЕКТС) 45 часа годишно * 0,05 (2021 – 2022)	2,25
	1.4 Одржување на настава – трет циклус студии	
	Биоаналитичка хемија (напреден курс) 50 часа годишно *0,06 (2018 – 2022 година)	15
	Студии на стабилност во фармацевтскиот развој на лекот 30 часа годишно *0,06 (2018 – 2022)	9
	Дизајнирање на хемиски експеримент (напредно ниво) 30 часа годишно *0,06 (2018 – 2022)	1,8
2.	**Настава во школи и работилници**	
	Implementation of Measures of the EU Legislation for Falsified Medicines, TAIEX Workshop in co-operation with the Agency for medicines and medical devices and Faculty of Pharmacy, UKIM, Скопје, 2018 (учесник)	1
	Деветта работилница на болнички фармацевти на Македонија, Новите ЕУ-регулативи за медицински средства – идентификација на предизвиците и решенија поврзани со обезбедување на квалитет на медицинските средства и подобрување на безбедноста на пациентите, 11 – 13.5.2018, Дојран, РС Македонија (предавач)	1
	Семинар: Новите ЕУ-регулативи за МС во насока на обезбедување квалитет на МС и подобрување на безбедноста на пациентите, семинар „Имплементација на новите ЕУ-регулативи за МС – дали сме подготвени?“ Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје (раководител) - 4.10 2018 - 18.4.2019	3
	Работилница: Добра дистрибутивна практика (ДДП) за лекови и медицински средства, Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје, 26 – 27.9.2020 (предавач)	1
	Работилница: Пребарување на литература за подготовка на документација за клиничка евалуација на медицински средства во согласност со барањата на ЕУ Регулативата, MDR 2017/745, Извештај за клиничка евалуација на медицински средства, Алкалоид АД – Скопје, 18.11.2020, Скопје (раководител)	1,5
3.	**Подготовка на нов предмет**	
	Основи на лабораториско работење (2 ЕКТС)	1
	Регулатива за медицински средства (3 ЕКТС)	1
	Регулатива за лекови наменети за ретки болести (3 ЕКТС)	1
	Следење на безбедност на медицински средства (2ЕКТС)	1
	Медицински средства (3 ЕКТС)	1
	Испитување на нутрицевтици (4 ЕКТС)	1
	Класични техники во анализа на храна (4 ЕКТС)	1
4.	**Консултации со студенти**	
	Магистер по фармација – интегрирани прв и втор циклус студии 800 студенти *0,002 (2018-2022)	1,6
	Лабораториско биоинженерство – прв циклус студии	0,9

	450 студенти *0,002 (2018-2022)	
5.	**Консултации со студенти во рамки на здравствена клиничка практика (специјалистички здравствени студии)**	
	Здравствена специјализација по Испитување и контрола на лекови 8 студенти*0,2 (2018 – 2022)	1,6
6.	**Ментор на дипломска работа** Вкупно 30 студенти *0,2 (2018 – 2022)	6
7.	**Ментор на специјалистичка работа** Вкупно 7 студенти * 1 (2018 – 2022) **Ментор на здравствена специјализација** Вкупно 6 студенти * 1 (2018 – 2022)	13
8.	**Ментор и едукатор на здравствена едукација**	
	Едукатор на здравствена специјализација 3 *15 *0,08 *2 семестри (2018 – 2022)	7,2
9.	**Член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд** Вкупно 2 кандидати * 0,7 (2018 – 2022)	1,4
10.	**Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд** 2 кандидати * 0,3 (2018 – 2022)	0,6
11.	**Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа** 13 кандидати * 0,2 (2018 – 2022)	2,6
12.	**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** 12 кандидати * 0,1 (2018 – 2022)	1,2
13.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник** „Правата на интелектуална сопственост во фармацијата“, Скопје, 2021 (коавтор)	*6*
14.	**Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум**	
	Збирка задачи по аналитичка хемија, Скопје, 2018 (автор)	4
	Практикум по аналитичка хемија, применета во фармацијата, Скопје, 2018 (коавтор)	3
	Практикум по аналитичка хемија, Скопје, 2018 (коавтор)	3
15.	**Интерна скрипта од предавања** Хемија на хетероциклични соединенија за студенти по Фармација, 2021	4
	Вкупно	**290,8**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Ментор на докторски труд** 3 студенти во тек*5 (2018 – 2022)	15
2.	**Ментор на магистерски труд** 3 студенти * 2 (2018 – 2022)	6
3.	**Раководител на национален научен проект** Влијанието на новите регулаторни барања на ЕУ во обезбедување на квалитет и следење на безбедноста на медицинските средства, Фармацевстки факултет, УКИМ, Скопје 2019 – 2021	6
4.	**Учесник во национален научен проект**	
	Примена на хемометрија за решавање на комплексни аналитички предизвици во современи фармацевтски анализи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2017-2018	3

	Зајакнување на лабораториските капацитети за откривање на фалсификувни лекови како дел од стратегијата на Република Северна Македонија за борбата против фалсификувањето на лекови, Министерство за наука и образование на РСМ, 2020 – 2022	3
	Анализа на присуство на нитрозамини како онечистувања во супстанции за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2020 – 2022	3
	Градење на национална стратегија за борба против фалсификувани лекови, Национален проект, 2016 – 2023	3
	Социјален пристап и прифаќање на намалувањето на штети преку наука и истражување“, Центар за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, МАНУ, 2021	3
	Платформа за интеграција, агрегација и складирање на знаење поврзано со фармацевтските науки *PharmDataBorg,* Фармацевтски факултет, УКИМ, 2021 -2023	3
	Пристапи за развој на еколошки прифатливи хроматографски методи во фармацевтски анализи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2022 – 2023	3
5.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
	VI-SEEM, Project reference: 675121, VRE (Virtual Research Environment) for regional Interdisciplinary communities in Southeast Europe and the Eastern Mediterranean), H2020-EU.1.4.1.3, 2015-2018	5
	Меѓународен проект од програмата Х2020 “Национални иницијативи за отворена наука - Европа” – НИ4ОС-Европа, 2022	5
6.	**Монографија** Социјален пристап и прифаќање на намалувањето штети преку наука и истражување, Владо Камбовски, Таки Фити, Александар Димовски, Јасмина Тоник Рибарска, Љупчо Пејов, Елена Мујоска Трпевска, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2021 ISBN 978-608-203-345-7	4,8
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.**	
	Bojna Koteska, Maja Simonoska Crcarevska, Marija Glavas Dodov, **Jasmina Tonic Ribarska**, Ljupco Pejov, Semiempirical atom-centered density matrix propagation approach to temperature-dependent vibrational spectroscopy of Irinotecan, *Scalable Computing: Practice and Experience*, 19 (2), 149–159, 2018 doi: 10.12694/scpe.v19i2.1344 Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, Ebsco	3

	Marija Zafirova, Jelena Acevska, Liljana Ugrinova, Gabriela Petrovska-Dimitrievska, Vasil Karchev, Natalija Nakov, Katerina Brezovska, Aneta Dimitrovska, Rumenka Petkovska, Liljana Anastasova, **Jasmina Tonic Ribarska**, Ana Poceva Panovska, Suzana Trajkovic-Jolevska, Development and optimization of a generic HPLC method for the simultaneous determination of common ingredients in multi component cough and cold oral drug products using chemometrics, *Macedonian Pharmaceutical Bulletin*, 63 (2), 49-65, 2018 doi:10.33320/maced.pharm.bull.2017.63.02.006 Назив на електронската база на списанија: Ebsco	3
